Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија“ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр 89/22, 171/22 и 3/25), **Општина Штип,** на ден 28.05.2026 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За урбанистичка документација ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК Ј3 04 СО НАМЕНА Б И Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП , кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, програмска задача финансирана од страна на нарачател-инвеститор, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на урбанистичка документација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК Ј3 04 СО НАМЕНА Б И Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Целокупните активности во оваа област ќе се насочуваат кон обезбедување на непречен просторен развој, при што би се обезбедила квалитетна, здрава и хумана средина за работа. Предметниот простор со површина од 29226.69m^2 градежно претставува изграден простор. Бидејќи планската задача е со веќе однапред дефинирана цел и со дадени насоки од нарачателот на планската документација, новопланираната урбанистичка документација на планскиот опфат се планираат градежни парцели со намена Б Деловни згради и Г – Индустриски згради од лесна преработувачка индустрија и соодветни компатибилни намени кои можат да егзистираат во рамки на иста наменска зона. Имајќи предвид дека планската документација е во рамки на веќе утврдениот Генерален урбанистички план и не предизвикува значајни нови негативни влијанија врз животната средина, здравјето на луѓето и одржливиот развој, се оценува дека можните влијанија се локални, ограничени и управливи, а со примена на пропишаните мерки за заштита и усогласување со постојните прописи, истите можат да се сведат на прифатливо ниво. Поради тоа, не се утврдува потреба од спроведување на постапка за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.

3. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18/26-55
Штип

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов